# КОМПАРАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ СИСТЕМИ




## ПРВИЧНИ НАЦИОНАЛНИ НАОДИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИЗБОРИТЕ ОД АПРИЛ И МАЈ 2024 ГОДИНА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

Скопје, февруари 2025

**КОМПАРАТИВНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ СИСТЕМИ**

Првични национални наоди за Република Северна Македонија што се однесуваат на изборите од април и мај 2024 година


**Автори:** доц. д-р Јован Близнаковски, проф. д-р Анета Цекиќ

**Истражувачки тим:** доц. д-р Јован Близнаковски, проф. д-р Анета Цекиќ, м-р Љуан Имери, Сафет Балажи



**Издавач:**

Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ИСППИ-УКИМ)
Бул. „Партизански одреди“ бб, 1020 Скопје, п. фах 68, Република Северна Македонија
contact@isppi.ukim.edu.mk | http://www.isppi.ukim.edu.mk

**Партнери:**

Институт за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС)
Ул. „Мирослав Крлежа“ бр. 52/2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@idscs.org.mk | www.idscs.org.mk

Швајцарска програма за поддршка на изборите во Северна Македонија*
Ул. „Франклин Рузвелт“ бр. 19/1-5, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
ifes.mk@ifes.org | https://electoralsupportprogramme.mk/

* Швајцарската програма за поддршка на изборите е спроведена од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).



*Содржината на овој извештај е одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги рефлектира ставовите и мислењата на донаторите, ИСППИ-УКИМ, ИДСЦС и Швајцарската програма за поддршка на изборите во Република Северна Македонија.*

# Содржина


Листа на графикони ..... 3

Листа на табели ..... 5

Вовед ..... 6

Технички информации за анкетата и за примерокот ..... 8

Излезност и изборна одлука ..... 10

- Излезност на претседателските избори во 2024 година ..... 10
- Излезност на парламентарните избори во 2024 година ..... 12
- Изборни одлуки на претседателските избори во 2024 година – прв круг ..... 13
- Изборни одлуки на претседателските избори во 2024 година – втор круг ..... 14
- Изборни одлуки на парламентарните избори во 2024 година ..... 16
- Промени во гласањето меѓу 2020 и 2024 година ..... 19

Формирање на изборните одлуки ..... 21

- Причини за гласачкиот избор ..... 21
- Тајминг на изборната одлука ..... 24
- Причини за апстиненција од гласање ..... 26
- Перцепции за личната изборна одлука ..... 27
- Перцепции за изборната понуда ..... 28
- Честота на гласање за иста политичка опција ..... 29

Изборна кампања ..... 31

- Граѓанско учество во изборната кампања ..... 31
- Извори на информации за време на кампањата ..... 33
- Изборен клиентелизам ..... 35

Врски меѓу политички партии и граѓани ..... 36

- Блискост до политички партии ..... 36
- Членство во политички партии ..... 37
- Афекти кон политичките партии и лидери ..... 38
- Перцепции за вредностите што ги застапуваат политичките партии ..... 40
- Перцепции за идеолошкиот профил на политичките партии ..... 41

(Не)задоволство од демократијата и од институциите ..... 43

- Перцепции за спроведувањето на демократијата ..... 43
- Перцепции за ефикасноста на демократскиот поредок ..... 44
- Доверба во институциите и во клучните општествено-политички актери ..... 46
- Перцепции за изборниот процес ..... 47
- (Не)задоволство од владиниот перформанс (2020-2024) и од актуелните прашања спроти изборите ..... 48

Идеолошки и вредносни преференции на граѓаните ..... 52

- Самопозиционирање лево наспроти десно ..... 52

Ставови за родовата еднаквост ........ 53
Поддршка за демократското политичко уредување ........ 55
Кој да ја води земјата наместо избраните политичари? ........ 56
Граѓански предиспозиции за политичко учество ........ 57
Интерес за политика ........ 57
Перцепции за сопствената (внатрешна) политичка ефикасност ........ 58
Ставови за значајноста на изборите ........ 60
Честота на гласање на избори ........ 61

# Листа на графикони


Графикон 1. Излезност на претседателските избори во 2024 година........................... 10
Графикон 2. Излезност на претседателските избори (според регион) .......................... 10
Графикон 3. Излезност на претседателските избори (според етничка припадност)..... 11
Графикон 4. Излезност на претседателските избори (според возраст)........................ 11
Графикон 5. Излезност на парламентарните избори во 2024 година ........................... 12
Графикон 6. Излезност на парламентарните избори (според регион)........................... 12
Графикон 7. Излезност на парламентарните избори (според возраст) ......................... 13
Графикон 8. За кого гласавте во првиот круг на претседателските избори во 2024 година? ..... 13
Графикон 9. Изборна одлука во првиот круг на претседателските избори (според регион) ..... 14
Графикон 10. За кого гласавте во вториот круг на претседателските избори во 2024 година? ..... 15
Графикон 11. Изборна одлука во вториот круг на претседателските избори (според возраст)..... 15
Графикон 12. Изборна одлука во вториот круг на претседателските избори (според етничка припадност) ..... 16
Графикон 13. За кого гласавте на парламентарните избори во 2024 година?............. 16
*Графикон 14. Изборна одлука на парламентарните избори (според регион)*............. 17
Графикон 15. Изборна одлука на парламентарните избори (според место на живеење) ..... 17
*Графикон 16. Изборна одлука на парламентарните избори (според возраст)* .......... 18
Графикон 17. Изборна одлука на парламентарните избори (според етничка припадност) ..... 19
Графикон 18. Гласачка поддршка во 2024 според гласањето во 2020 година (парламентарни избори)..... 20
Графикон 19. Причина за избор на претседателски/а кандидат/ка* ............................. 21
Графикон 20. Причина за избор на претседателски/а кандидат/ка (според етничка припадност)*..... 22
Графикон 21. Причини за изборна одлука на парламентарните избори во 2024 година* ..... 23
Графикон 22. Причини за изборна одлука на парламентарните избори (според регион)* ..... 24
Графикон 23. Причини за изборна одлука на парламентарните избори (според етничка припадност)*..... 24
Графикон 24. Тајминг на изборна одлука*..................................................................... 25
Графикон 25. Тајминг на изборна одлука (според регион)*.......................................... 25
Графикон 26. Причини за апстиненција од гласање*.................................................... 26
Графикон 27. Причини за апстиненција од гласање на парламентарните избори 2024 (според возраст)* ..... 27
Графикон 28. Причини за апстиненција од гласање на парламентарните избори 2024 (според етничка припадност)* ..... 27
Графикон 29. Задоволство од изборната одлука ......................................................... 28
Графикон 30. Задоволство од изборната понуда.......................................................... 28
Графикон 31. Задоволство од изборната понуда (според регион)................................ 29
Графикон 32. Дали на сите избори гласате за иста политичка партија?*..................... 29
Графикон 33. Гласање за иста политичка партија (според регион)*............................ 30
Графикон 34. Гласање за иста политичка партија (според етничка припадност)* ........ 30
Графикон 35. Процент на испитаници кои во текот на кампањата учествувале во мобилизациските активности на политичките партии* ..... 31
Графикон 36. Процент на испитаници кои учествувале во мобилизациски активности (според пол)* ..... 32

Графикон 37. Процент на испитаници кои учествувале во мобилизациски активности (според етничка припадност)* 32
Графикон 38. Користени медиуми за време на кампањата со цел следење вести (на неделно ниво) 33
Графикон 39. Процент на испитаници кои секојдневно следеле вести во текот на кампањата (според возрасна група и според медиум) 34
Графикон 40. Процент на испитаници кои никогаш не следеле вести во текот на кампањата (според возрасна група и според медиум) 34
*Графикон 41. Искуство со изборен клиентелизам** 35
Графикон 42. Перцепција за сопствена блискост до одредена политичка партија 36
Графикон 43. Која политичка партија ја чувствувате за најблиска? 36
Графикон 44. Степен на блискост до избраната политичка партија 37
Графикон 45. Членство во политички партии (според регион)* 37
Графикон 46. Членство во политички партии (според возрасна група)* 38
Графикон 47. Честота на учество во партиски активности* 38
Графикон 48. Афекти кон политичките партии и коалиции 39
Графикон 49. Афекти кон политичките лидери и кон дел од претседателските кандидати 39
Графикон 50. Најзначајни вредности за политичката партија за којашто се гласа на парламентарните избори во 2024 година* 40
Графикон 51. Процент на испитаници кои не знаат идеолошки да ја позиционираат политичката партија 42
Графикон 52. Идеолошка перцепција за политичките партии 42
Графикон 53. Колку е демократска Република Северна Македонија? 43
Графикон 54. Задоволство од демократскиот процес 44
Графикон 55. Колку добро политичкиот систем гарантира здравствена заштита? 44
Графикон 56. Колку добро политичкиот систем гарантира здравствена заштита? (според регион) 45
Графикон 57. Колку добро политичкиот систем гарантира здравствена заштита? (според етничка припадност) 45
Графикон 58. Колку правично се постапува со различните општествени групи? 46
Графикон 59. Колку правично се постапува со различните општествени групи? (според етничка припадност) 46
Графикон 60. Доверба во институции и во општествено-политички актери 47
Графикон 61. Перцепции за праведноста на изборите 47
Графикон 62. Перцепции за ефикасноста на изборите 48
Графикон 63. Перцепции за работата на Владата (2020-2024) 49
Графикон 64. Перцепции за перформансот на владините коалициски партнери (2020-2024)* 49
Графикон 65. Перцепции за економската состојба во изминатите 12 месеци 50
Графикон 66. Перцепции за економската состојба во изминатите 12 месеци (според регион) 50
Графикон 67. Перцепции за ефектите од пандемијата со КОВИД-19 51
*Графикон 68. Самопозиционирање на скала лево-десно* 52
Графикон 69. Идеолошка скала лево-десно (даноци и социјални услуги)* 53
Графикон 70. Ставови за застапеноста на жените во Собранието 53
Графикон 71. Ставови за тоа дали мажите или жените се посоодветни да водат во криза 54
Графикон 72. Поддршка за демократското политичко уредување 55
Графикон 73. Кој да ја води земјата наместо избраните политичари? 56
Графикон 74. Интерес за политика 57
Графикон 75. Интерес за политика (според пол) 57
Графикон 76. Интерес за политика (според возрасна група) 58
Графикон 77. Внатрешна политичка ефикасност 58
Графикон 78. Внатрешна политичка ефикасност (според пол) 59

Графикон 79. Внатрешна политичка ефикасност (според возрасна група) .................. 59
Графикон 80. Ставови за значајноста на изборите* ..................................................... 60
*Графикон 81. Ставови за значајноста на изборите (според регион)** ........................ 60
Графикон 82. Честота на гласање на избори* ................................................................ 61

# Листа на табели

Табела 1. Структура на реализираниот примерок .......................................................... 9
Табела 2. Најзначајни вредности на политичките партии/коалиции (ставови на гласачите)* ........................................................................................................................ 41

# Вовед

Изборниот натпревар во април и мај 2024 година резултираше со значителни промени на политичката сцена во Република Северна Македонија. Партискиот и персоналниот состав на законодавните и на извршните институции беше изменет сеопфатно. Исто така, партискиот систем доживеа своевидна трансформација кон зголемување на значењето на помалите политички опции. Доскорешните владејачки политички партии крајот на изборниот процес го дочекаа со значително намалена поддршка меѓу популацијата и со кадровски промени на врвот, за едната, како и со заминување во опозиција по повеќе од деценија и половина, за другата. Земено севкупно, изборите од 2024 година демонстрираа силно неодобрување кон работата на претходната влада, како и зголемена подготвеност за поддршка на партии, коалиции и кандидати кои не припаѓаат во редот на етаблираните политички партии. Оваа динамика во фокусот го става изборното однесување на граѓаните, како значаен фактор што во одредена мера ги определува изборните и политичките исходи.

Сепак, изборното однесување на граѓаните во Република Северна Македонија е малку систематски следено досега. Иако во земјата редовно се спроведуваат истражувања што имаат цел да известат за рејтинзите на политичките партии и на кандидатите во предизборниот период, како и „омнибус-анкети“ и истражувања на специфични прашања што делумно го допираат и изборното однесување, во последните години на располагање нема анкетни податоци што ексклузивно се фокусираат на однесувањето на граѓаните во изборниот период. Овој извештај е обид пред јавноста да се претставаат такви податоци, со две општи цели: 1. да се информираат клучните чинители во областа на изборните политики за трендовите во изборното однесување; 2. да се запознае стручната јавност со можностите за реупотреба на анкетните податоци што во иднина ќе бидат достапни под отворен пристап. Извештајот се обидува да понуди наоди кон широкото прашање зошто граѓаните гласаа како што гласаа во април и мај 2024 година, претставувајќи низа индикатори за изборното однесување што можат да бидат од интерес како за горенаведените групи, така и за општата јавност.

Анкетните податоци и извештајот што произлегува од нив е плод на соработката на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ИСППИ-УКИМ), Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС) и Швајцарската програма за поддршка на изборите во Северна Македонија, која ја спроведува Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Овие три организации, од коишто едната доаѓа од јавниот истражувачки и високообразовен сектор, а другите две од граѓанскиот, национален и меѓународен сектор, на почетокот на 2024 година воспоставија соработка со цел имплементација на шестиот модул на Компаративното истражување на изборните системи – КИИС (Comparative Study of Electoral Systems, CSES: https://cses.org/). Истражувањето беше поддржано и од Американската национална научна фондација во рамките на Програмата за почетни грантови на КИИС. Теренската работа за анкетата беше спроведена кон крајот на 2024 година.

КИИС е меѓународно анкетно истражување, координирано од Центарот за политички студии при Универзитетот во Мичиген, САД, и ГЕСИС – Институтот за општествени науки „Лајбниц“, Германија, кое се фокусира на изборното однесување на граѓаните. Досега е имплементирано во 60 земји низ светот во пет различни брана, почнувајќи од 1996 година. Со имплементацијата на КИИС, нашата земја по подолг период добива анкетни податоци ексклузивно фокусирани на изборното однесување на граѓаните и можност своите изборни околности да ги спореди со други демократии ширум светот. Базата на податоци што е креирана по теренското анкетно истражување во Република Северна Македонија ќе биде депонирана во КИИС во текот на 2025 година

и достапна под отворен пристап, заедно со податоците од другите земји што учествуваат во шестиот модул.

Што заклучуваме по првичниот преглед на податоците? Општото незадоволство со владејачките политички партии во периодот 2020-2024 година е лесно препознатливо во гласачкиот избор, перцепциите за општата состојба, перцепциите за работата на политичките партии и афективната поврзаност со нив. Голем дел од граѓаните гласаат повторливо, како во смисла на излезност, така и во однос на конкретниот гласачки избор. Но, значаен дел се одлучуваат за кого ќе гласаат и во текот на кампањата. Граѓаните се поделени во однос на причините поради коишто го даваат својот глас: дел гласаат поради партиската програма и брендот на политичката партија, а за други се важни личните карактеристики на кандидатите и ставовите што ги застапуваат. Етничката идентификација со политичките партии и со кандидатите е истакната, иако постојат и примери на преминување на етничките бариери, како и значајни регионални разлики и разлики помеѓу возрасните групи во сите горенаведени аспекти.

Компаративно голем број граѓани учествуваат во политичкиот живот преку членство во политички партии и, следствено, во партиски активности. Значителен број граѓани земале и учество во кампањски активности на политички партии и значителен број покажале интерес за актуелностите од кампањата, следејќи вести за политички партии и кандидати.

Граѓаните се изразено критички настроени кон спроведувањето на демократијата во земјата, а како што е често покажано и во други истражувања, имаат ниска доверба во институциите и во општествено-политичките актери. Сепак, граѓаните генерално демонстрираат поддршка за демократските принципи и на изборите доминантно гледаат како на значајна алатка за политичко влијание.

Нашиот првичен преглед на податоците открива и повеќе расцепи во општеството што имаат ефекти врз изборното однесување. Етничкиот расцеп е еден од највпечатливите: го структурира гласачкиот избор, особено кај Македонците и кај Албанците, а е релевантен и во однос на пониското учество на припадниците на преостанатите етнички заедници во дел од мерените индикатори за политичко учество. Дополнително, регистрираме значително ниско учество на најмладата возрасна група (18-24 години) низ повеќе демократски процеси, како и извесна доминација на мажите во политичкиот живот. Жените и најмладите помалку се интересираат за политика, имаат пониска доверба во својата способност за политичко учество и паралелно помалку учествуваат во партиски и кампањски активности, сугерирајќи системска пониска застапеност на овие групи во политичкиот процес.

Овој извештај претставува само првична анализа на податоците. Во текот на 2025 година ќе биде подготвен уште еден истражувачки извештај што ќе има цел на јавноста да ѝ претстави споредбени податоци меѓу Република Северна Македонија и другите земји што учествуваат во КИИС.

Извештајот е структуриран на следниот начин. Најпрвин, претставуваме технички информации за анкетното истражување. Потоа, преминуваме на претставување на првичните наоди, кои се групирани во следните теми: излезност и изборна одлука; формирање на изборните одлуки; изборна кампања; врски меѓу политичките партии и граѓаните; (не)задоволство од демократијата и од институциите; идеолошки и вредносни преференции на граѓаните; и граѓански предиспозиции за политичко учество. За секоја од наведените теми претставуваме повеќе наоди и индикатори.

# Технички информации за анкетата и за примерокот

Теренската работа за анкетата се спроведе во периодот од 25 октомври до 4 декември 2024 година, со почеток пред истекот на шест месеци по спроведените избори, согласно стандардите на КИИС. Анкетниот прашалник беше составен од модулот на КИИС (приближно третина од прашалникот) и од дополнителни прашања од интерес на трите организации што го спроведоа истражувањето (околу половина од прашалникот), како и од демографски модул (10% од прашалникот). Просечното времетраење на имплементација на целосниот прашалник е приближно 30 минути. Теренската работа беше спроведена од страна на „Индаго“ – Скопје, преку компјутерски-асистирано анкетирање лице-в-лице, на македонски и на албански јазик. Во овој извештај се прикажани резултатите од прашањата во рамките на модулот на КИИС, како и прашањата поставени од истражувачите на ИСППИ-УКИМ.

Анкетата беше имплементирана врз база на повеќефазен стратификуван примерок, базиран на адреси и изработен од страна на Државниот завод за статистика (ДЗС), користејќи податоци од последниот попис на населението, домаќинствата и становите (2021). При стратификацијата беа земени предвид дистрибуциите на населението според плански региони и според урбана и рурална поделба, по што по случаен избор беа извлечени вкупно 188 пописни круга (примарни единици на примерок). Во втората фаза на селекција, по случаен избор беа извлечени 10 адреси во рамките на овие пописни кругови, креирајќи примерок од вкупно 1.880 адреси на живеалишта (секундарни единици на примерок). Секоја од овие адреси беше посетена од анкетарите со понуда за анкетирање, при што беа спроведени вкупно 1.056 анкети (или стапка на одговор од 56,2%). Во третата фаза на селекција, испитаниците во домаќинствата беа исто така избрани по случаен избор, според принципот „прв следен роденден“. Структурата на примерокот според регион, место на живеење, пол, возраст и етничка припадност е достапна во Табела 1.

Наодите што следуваат се изведени со описна статистика: претставуваме фреквенции и средни вредности од добиените одговори на анкетата и ги сумираме главните трендови. Претставените податоци се пондерирани со постстратификациски пондер наменет да коригира евентуални дискрепанции меѓу структурата на населението и реализираниот примерок. Насекаде низ извештајот каде што се претставени и коментирани разлики меѓу одредени групи, претставуваме само разлики за коишто преку соодветни постапки е утврдено дека се статистички значајни, односно разлики меѓу групите што можат да се сметаат за систематски. Комбинираме графичка и наративна презентација на првично согледаните наоди.

Извештајот содржи наоди од прашалникот од шестиот модул на КИИС и дополнителни прашања формулирани од страна на ИСППИ-УКИМ (низ извештајот, обележани со ѕвездичка – *).

*Табела 1. Структура на реализираниот примерок*

| | | Број | Процент |
|---|---|---|---|
| Вкупно | | 1.056 | 100,0% |
| Регион | Скопски | 300 | 28,4% |
| | Источен | 74 | 7,0% |
| | Југоисточен | 112 | 10,6% |
| | Североисточен | 69 | 6,5% |
| | Пелагониски | 139 | 13,2% |
| | Вардарски | 89 | 8,4% |
| | Југозападен | 109 | 10,3% |
| | Полошки | 164 | 15,5% |
| Место на живеење | Град | 566 | 53,6% |
| | Село | 490 | 46,4% |
| Пол | Машки | 544 | 51,5% |
| | Женски | 512 | 48,5% |
| Возраст | 18-24 | 63 | 6,0% |
| | 25-34 | 142 | 13,4% |
| | 35-44 | 206 | 19,5% |
| | 45-54 | 229 | 21,7% |
| | 55-64 | 163 | 15,4% |
| | Над 65 | 253 | 24,0% |
| Етничка припадност | Македонска | 682 | 64,6% |
| | Албанска | 294 | 27,8% |
| | Друга | 80 | 7,6% |

# Излезност и изборна одлука

## Излезност на претседателските избори во 2024 година

Излезноста е значајна компонента на изборниот процес, која може да варира во зависност од видот избори. Според резултатите од оваа анкета, 74% од испитаниците во нашиот примерокот гласале во првиот круг на претседателските избори, додека во вториот круг излезноста се намалила за околу 10% и изнесува 64% (Графикон 1).

*Графикон 1. Излезност на претседателските избори во 2024 година*




Има значајни разлики во излезноста во првиот и во вториот круг на претседателските избори во однос на регионите и на етничката припадност, кои во овој случај донекаде се преклопуваат, како и според местото на живеење и според полот. Во првиот круг на претседателските избори гласале поголем процент на граѓани од Вардарскиот (90%), Источниот (85%), Пелагонискиот регион (82%), додека најмала била излезноста во Полошкиот (64%) и во Североисточниот регион (65%) (Графикон 2). Во вториот круг на претседателските избори значително помалку гласале граѓаните од Полошкиот (33%), Североисточниот (57%) и Југозападниот регион (59%).

*Графикон 2. Излезност на претседателските избори (според регион)*



Според етничката припадност, и во двата изборни круга најголема е излезноста на Македонците (80% и 75%), по што следуваат Албанците, кај коишто излезноста меѓу првиот и вториот круг опаѓа за 25%, односно од 65% на 40%. Кај групата составена од испитаници од преостанатите етнички заедници, излезноста изнесува 58% и 56%, за првиот и за вториот круг соодветно (Графикон 3).

*Графикон 3. Излезност на претседателските избори (според етничка припадност)*




Во првиот круг на претседателските избори гласале поголем процент на мажи (77%) во споредба со жени (71%), додека во вториот круг нема вакви разлики. Постојат и разлики според возраста на испитаниците (Графикон 4). Излезноста во првиот круг на изборите е најголема помеѓу возрасната група 45-54 години (81%), додека најмладите испитаници (18-24 години) имаат убедливо најниска излезност од 50%. Во вториот круг на претседателските избори излезноста кај најмладите испитаници е уште пониска и изнесува само 39%. Во вториот круг, излезноста повторно е највисока кај возрасната група 45-54 години (72%) и кај највозрасните испитаници – оние над 65 години (71%). Во вториот круг на претседателските избори, помал е и процентот на гласачи помеѓу селското население (58%) во споредба со градското население (68%).

*Графикон 4. Излезност на претседателските избори (според возраст)*



# Излезност на парламентарните избори во 2024 година

Излезноста на парламентарните избори во 2024 година на испитаниците од овој примерок изнесува 73% (Графикон 5). Како и според официјалните изборни резултати, излезноста на парламентарните избори во 2024 година е поголема од излезноста во вториот круг на претседателските избори, иако и двата избори се одвиваа во ист ден.

*Графикон 5. Излезност на парламентарните избори во 2024 година*




Најмала излезност се регистрира меѓу граѓаните на Североисточниот (65%), Југозападниот (65%) и Полошкиот регион (66%), додека најголема во Вардарскиот регион (92%), како и во Пелагонискиот (80%), Источниот (79%) и Југоисточниот регион (78%) (Графикон 6). Македонците (78%) имаат повисока излезност од Албанците (67%) и од групата составена од преостанатите етнички заедници (59%).

*Графикон 6. Излезност на парламентарните избори (според регион)*




Релативно ниската излезност на најмладата возрасна група е впечатлива и во однос на парламентарните избори. Само 49% од испитаниците на возраст 18-24 години гласале на парламентарните избори во 2024 година, во споредба со над 70% кај преостанатите возрасни групи (Графикон 7). Најголема е излезноста кај возрасните групи 35-44 и 45-54 години и изнесува околу 80%.

*Графикон 7. Излезност на парламентарните избори (според возраст)*




## Изборни одлуки на претседателските избори во 2024 година – прв круг

Дури 24% од испитаниците во овој примерок не одговориле на прашањето за кого гласале во првиот круг на претседателските избори (Графикон 8). Најголем дел, третина (34%), гласале за Гордана Сиљановска-Давкова, 14% за Стево Пендаровски, 11% за Бујар Османи, 7% за Арбен Таравари, 4% за Максим Димитриевски, 3% за Билјана Ванковска-Цветковска и помалку од 1% за Стевчо Јакимовски. Малку над 2% ставиле неважечко гласачко ливче.

*Графикон 8. За кого гласавте во првиот круг на претседателските избори во 2024 година?*




Сиљановска-Давкова и Пендаровски освоиле најголем процент од гласовите според регион во Вардарскиот (52% и 25% соодветно) и во Југоисточниот регион (42% и 28% соодветно), а Сиљановска-Давкова имала значајна поддршка и во Пелагонискиот (37%), Скопскиот (37%) и Источниот регион (35%) (Графикон 9). Османи имал поголема

поддршка во Југозападниот (27%) и во Полошкиот регион (26%), а Таравари во Полошкиот регион (27%). Од друга страна, поддршката за Таравари во Југозападниот регион е многу помала (само 4%). Османи и Таравари имале поддршка од 13% и 10%, соодветно, во Скопскиот регион. Димитриевски имал најголема поддршка во Североисточниот регион (17%), додека Ванковска-Цветковска имала најголема поддршка во Вардарскиот регион (8%).

Според местото на живеење, статистички значајните разлики укажуваат дека Пендаровски и Димитриевски имаат поголема поддршка во градовите (16% и 5%) во споредба со селата (11% и 2%). Османи и Таравари имаат поголема поддршка во селата (20% и 11%) наспроти градовите (6% и 4%). Поддршката за другите кандидати е распределена порамномерно. Во однос на родот, разлики меѓу мажите и жените има само во однос на кандидатот Димитриевски, за кого гласале повеќе жени: 6%, во споредба со 2% мажи.

*Графикон 9. Изборна одлука во првиот круг на претседателските избори (според регион)*




# Изборни одлуки на претседателските избори во 2024 година – втор круг

Во вториот круг на претседателските избори, 47% од испитаниците во овој примерок гласале за Сиљановска-Давкова, а 23% за Пендаровски (Графикон 10). Околу 4% ставиле неважечко ливче, а 25% одбиваат да одговорат на ова прашање.

Сиљановска-Давкова имала најголема поддршка во Вардарскиот (60%) и во Скопскиот регион (53%), а Пендаровски во Скопскиот (29%) и во Југоисточниот регион (29%), споредено со другите региони. Најголема поддршка во рамките на една возрасна група има Сиљановска-Давкова, и тоа кај највозрасната група граѓани (над 65 години) – 59% (Графикон 11). Најголем број од испитаниците од најмладата возрасна група (18-24 години) ставиле неважечко гласачко ливче (14%). Нема статистички значајни разлики при изборот на кандидат/ка меѓу мажите и жените.

*Графикон 10. За кого гласавте во вториот круг на претседателските избори во 2024 година?*




*Графикон 11. Изборна одлука во вториот круг на претседателските избори (според возраст)*




Припадниците на албанската етничка заедница во поголем процент гласале за Пендаровски (42%) отколку Македонците (20%) и припадниците на другите етнички заедници (19%) (Графикон 12). Македонците (54%) и другите етнички заедници (44%) значително повеќе ја поддржале Сиљановска-Давкова во споредба со Албанците (17%). Албанците во најголем процент од сите етнички групи ставиле неважечко ливче во вториот круг на претседателските избори (9%).

*Графикон 12. Изборна одлука во вториот круг на претседателските избори (според етничка припадност)*




# Изборни одлуки на парламентарните избори во 2024 година

Третина (34%) од испитаниците во овој примерок на парламентарните избори во 2024 година гласале за коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а речиси 12% својот глас го дале за Коалицијата за европска иднина предводена од СДСМ (Графикон 13). Секој десетти испитаник (10%) гласал за коалицијата „Европски фронт" предводена од ДУИ, а 8% за коалицијата „Вреди". За Левица и за ЗНАМ гласале сличен број испитаници: малку под 4%.

*Графикон 13. За кого гласавте на парламентарните избори во 2024 година?*




Најголема поддршка за коалицијата „Твоја Македонија" е регистрирана во Вардарскиот (50%) и во Југоисточниот регион (41%), а истото е случај и со Коалицијата за европска иднина (22% и 28% соодветно) (Графикон 14). Коалицијата „Твоја Македонија" има висока поддршка и во Скопскиот (38%) и во Пелагонискиот регион

(37%). Коалицијата „Европски фронт“ има најголема поддршка во Полошкиот (30%) и во Југозападниот регион (30%). „Вреди“ има најголема поддршка во Полошкиот (27%) и во Североисточниот регион (16%). Најголемите коалиции на албанските политички партии имале поддршка и во 10-12% од гласовите во Скопскиот регион. Левица има најголема поддршка во Североисточниот (10%) и во Вардарскиот регион (9%), додека ЗНАМ во Североисточниот регион (8%) и во Југоисточниот регион (8%).

*Графикон 14. Изборна одлука на парламентарните избори (според регион)*




Коалициите „Европски фронт“ и „Вреди“ имаат поголема поддршка меѓу граѓаните кои живеат на село (18% и 12%) во споредба со оние од градовите (5% и 6%) (Графикон 15). ЗНАМ има поголема поддршка меѓу граѓаните кои живеат во град (5%) отколку меѓу оние што живеат на село (2%). Нема статистички значајни разлики меѓу мажите и жените.

*Графикон 15. Изборна одлука на парламентарните избори (според место на живеење)*



Коалицијата „Твоја Македонија“ има најголема поддршка меѓу највозрасната група испитаници (над 65 години) – 64% (Графикон 16). Коалицијата „Европски фронт“ има поголема поддршка меѓу трите помлади возрасни групи (18-44 години) и се движи меѓу 12% и 15%, додека поддршката за „Вреди“ е распоредена порамномерно меѓу групите испитаници од 18 до 64 години (најчесто околу 11%), меѓу коишто е и повисока. ЗНАМ има поголема поддршка меѓу најмладата (18-24 години) и најстарата група испитаници (над 65 години): 7% и 5% соодветно. Разликите во поддршката на Коалицијата за европска иднина според возраста на испитаниците не се статистички значајни.

*Графикон 16. Изборна одлука на парламентарните избори (според возраст)*




Во однос на етничката заднина, ЗНАМ предоминантно има поддршка меѓу Македонците (5%) во споредба со Албанците (под 1%), а овие разлики се статистички значајни и кај поддршката на Македонците (18%) и на другите етнички заедници (15%) во споредба со Албанците (3%) за Коалицијата за европска иднина (Графикон 17). Коалицијата „Твоја Македонија“ воопшто нема поддршка меѓу албанското население, но релативно високи 38% од испитаниците од другите етнички заедници гласале за оваа коалиција. Левица има поддршка само помеѓу Македонците во нашиот примерок (6%). Коалициите „Вреди“ и „Европски фронт“ имаат поддршка, пред сè, од албанското население, 34% и 42%, соодветно, и минимална поддршка од околу 2% меѓу припадниците на другите заедници во овој примерок.

*Графикон 17. Изборна одлука на парламентарните избори (според етничка припадност)*




# Промени во гласањето меѓу 2020 и 2024 година

Модулот на КИИС содржи и прашања посветени на минатото гласање на граѓаните. Во реализираниот примерок, 72% од испитаниците гласале на парламентарните избори во 2020 година, речиси ист процент како и во 2024 година. Дополнително, дури 88% (N = 680) од испитаниците кои гласале на парламентарните избори 2024 година, гласале и на изборите во 2020 година. Ова е исклучително висок процент што укажува на тоа дека постои еден поголем сегмент на граѓани кои се високоактивни во најчестиот формален облик на политичко учество – гласањето.

Но, какви се промените во однос на поддршката кон политичките партии и коалициите? Резултатите сугерираат на извесна стабилност кај гласачкото тело, односно на постоење на голем број на постојани гласачи на политичките партии и на коалициите, но и на одреден процент на „флотантни“ гласачи, односно гласачи кои почесто го менуваат својот избор. Кај новите субјекти кои се појавија на овие избори, како коалицијата „Вреди“ и ЗНАМ, најголем дел од гласачите доаѓаат од опциите од каде што овие опции се одвоија (коалицијата од 2020 година на Алијанса за Албанците и Алтернатива и СДСМ, соодветно).

Подетални прикази за гласањето во 2024 година низ призмата на дадениот глас во 2020 година се достапни во Графиконот 18. Единаесет проценти од испитаниците кои гласале за ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата на изборите во 2024, во 2020 година гласале за СДСМ и коалицијата. ВМРО-ДПМНЕ привлекла и 2,7% гласачи на Левица, како и 0,4% гласачи на Интегра – македонска конзервативна партија. Од друга страна, СДСМ привлекла претходни гласачи на ДУИ (речиси 5% од вкупниот број гласови за СДСМ). Коалицијата „Европски фронт“ на ДУИ, пак, привлекла мал број на поранешни гласачи на Алијанса за Албанците (5%), Демократската партија на Албанците (2,5%) и коалицијата на СДСМ (1,2%).

Освен поддршката што во најголем дел доаѓа од граѓаните кои на изборите во 2020 година гласале за коалицијата помеѓу Алијанса за Албанците и Алтернатива (69%), „Вреди“ привлекла и гласачи на ДУИ (24% во рамките на своите гласачи), СДСМ (5%) и Демократската партија на Албанците (2%).

Левица, пак, успеала да привлече гласови и од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ (20% од гласовите за Левица во 2024 година), како и од таа на СДСМ (18%). Новоформираната ЗНАМ во својот корпус гласови привлекла граѓани кои на претходните избори во 2020 година гласале за повеќе македонски етнички политички партии, како и од една политичка партија на Албанците. Така, 66% од гласачите на ЗНАМ на претходните избори гласале за СДСМ и коалицијата, а 12% гласале за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ. ЗНАМ привлекла и гласачи на Левица (10%), на десничарските партии Интегра (5,5%) и Единствена Македонија (3%), како и на Алијанса за Албанците (4%).

*Графикон 18. Гласачка поддршка во 2024 според гласањето во 2020 година (парламентарни избори)*



# Формирање на изборните одлуки

## Причини за гласачкиот избор

На испитаниците им беа зададени неколку прашања поврзани со причините поради коишто го дале својот глас за одредена партиска листа или за одреден/а кандидат/ка, земајќи ја предвид разновидноста на кандидатите од етнички, родов и партиски аспект. Според исказите на испитаниците (Графикон 19), при одлучувањето за кого да го дадат својот глас во првиот круг на претседателските избори, за најголем дел од граѓаните на Република Северна Македонија најважен е квалитетот на истакнатиот/ата кандидат/ка („Тој/таа за мене беше најдобар/ра кандидат/ка“), 38%, а за малку помал дел, тоа е политичката партија што го/ја кандидира кандидатот/ката (35%). Донекаде важна е и перцепцијата за ставовите и интересите што ги застапува истакнатиот/ата кандидат/ка (18%). Кумулативно, овие наоди укажуваат дека испитаниците внимателно ги евалуираат карактеристиките на номинираните кандидати. Ова е засилено и со ставовите дека етничката припадност (4%) и родот на кандидатите (3% за женски род), кои се поврзани со групните идентитети на кандидатите, се помалку важни од нивните лични карактеристики. Сепак, треба да се напомене дека, според другите податоци од анкетата, гласањето врз основа на истата етничка припадност секако било реалност во првиот круг на изборите. Конечно, регионот од којшто доаѓа кандидатот/ката, кој е важен за изборното однесување на граѓаните во некои земји, на претседателските избори во 2024 година во Република Северна Македонија нема значење.

*Графикон 19. Причина за избор на претседателски/а кандидат/ка**




Испитаниците од Полошкиот (51%) и од Скопскиот регион (39%) во првиот круг на претседателските избори својот глас во најголем процент го дале поради поддршката што кандидатот/ката ги добиле од соодветната политичка партија, додека за жителите на Североисточниот (59%), Источниот (40%), Вардарскиот (49%) и Пелагонискиот регион (46%) поважен е квалитетот на предложениот/ата кандидат/ка. За жителите од Југозападниот регион (17%) поважна е етничката припадност на кандидатот/ката, во споредба со сите други региони.

За испитаниците кои живеат на село, во поголема мера е поважна политичката партија што го/ја номинира кандидатот/ката (41% наспроти 31% од жителите на

градовите) или етничката припадност (6% наспроти 2% од жителите на градовите), додека за испитаниците кои живеат во град поважен е самиот/ата кандидат/ка (41% наспроти 31% од жителите на селата).

Поголем процент на жени (6%) одговориле дека го дале својот глас поради женскиот пол на кандидатката во споредба со мажите (1%). Најмладата група испитаници (18-24 години) во најголем процент (30%) се одлучиле да го дадат својот глас на одреден/а кандидат/ка бидејќи тој/таа застапува одредени ставови/интереси, но исто така и поради етничката припадност (10%).

Гласањето за кандидат/ка поради поддршка од политичката партија што го/ја кандидира е најраспространето кај Албанците (45%) меѓу етничките групи, по што следуваат Македонците (33%) и групата составена од испитаници кои припаѓаат на другите етнички заедници (17%) (Графикон 20). За Албанците (11%), поважна е етничката припадност во споредба со Македонците (1%). Другите етнички заедници најмногу од сите демографски групи гласале поради тоа што се работело за кандидатка, односно жена (дури 15%, високо над општиот просек). За нив (30%), како и за Македонците (20%), поважно е и какви ставови/интереси застапува кандидатот/ката, во споредба со Албанците (5%).

*Графикон 20. Причина за избор на претседателски/а кандидат/ка (според етничка припадност)**




Што влијае врз изборната одлука кога се во прашање парламентарните избори? За речиси третина од испитаниците (32%), тоа е програмата на политичката партија за којашто гласале (Графикон 21). Близок до овој процент е и процентот на граѓани за коишто довербата во раководството на политичките партии е најважна причина за гласање (28%). Довербата во номинираните кандидати е следната причина, која ја споделуваат речиси петтина од испитаниците (19%). Социјалното опкружување на испитаниците има помало влијание при гласањето (11%). Само 4% од испитаниците

декларираат дека одлучуваат за кого ќе гласаат поради некаков личен интерес, односно лична добивка.

*Графикон 21. Причини за изборна одлука на парламентарните избори во 2024 година**




Програмата е најважна причина за гласање за испитаниците кои живеат во Скопскиот (42%), Североисточниот (44%) и Источниот регион (33%), додека довербата во раководството на политичката партија е поважна за жителите на Југозападниот (51%) и на Полошкиот регион (39%) (Графикон 22). Довербата во кандидатите е најважна за испитаниците од Пелагонискиот регион (37%). Опкружувањето на испитаниците е многу над општиот просек кај испитаниците од Вардарскиот (19%), Полошкиот (19%) и Југоисточниот регион (16%). Личната добивка од гласањето е најизразена кај испитаниците од Источниот (12%) и од Вардарскиот регион (9%). За испитаниците од село (35%), поважна е довербата во раководството на политичката партија во споредба со испитаниците од град (25%), додека за жените (25%) поважна е довербата во кандидатите, во споредба со мажите (15%).

Програмата на политичките партии е најважна за возрасната група 35-44 години (33%), како и за испитаниците од возрасните групи 55-64 и над 65 години (33% и 36% соодветно), додека за дури 40% од најмладите испитаници (18-24 години), најважна е довербата во раководството на политичките партии. Испитаниците од првите три возрасни групи (18-44 години) почесто ја истакнуваат и личната добивка од гласањето и таа расте со возраста во рамките на тие три групи (6-9%). Довербата во кандидатите е најкарактеристична за испитаниците од возрасната група 55-64 години (24%).

Гледано низ етничката припадност, гласањето поради програма е покарактеристично за Македонците (34%) и за Албанците (32%), во споредба со припадниците на помалите етнички заедници (15%) (Графикон 23). Во исто време, значаен дел од албанските испитаници (35%) ја избрале довербата во раководството на политичките партии, во споредба со 26% од Македонците и од помалите етнички заедници (26%). Довербата во кандидатите на политичките партии е поважна за Македонците (21%), во споредба со Албанците (13%) и со преостанатите етнички заедници (16%). За помалите етнички заедници, натпропорционално важни причини за гласање се опкружувањето во коешто живеат (19%) и личната добивка (16%).

*Графикон 22. Причини за изборна одлука на парламентарните избори (според регион)**




*Графикон 23. Причини за изборна одлука на парламентарните избори (според етничка припадност)**




## Тајминг на изборната одлука

Мнозинството (59%) од граѓаните кои гласале на парламентарните избори во 2024 година, уште пред да почне изборната кампања знаело за кого ќе гласа (Графикон 24). За третина од испитаниците, донесувањето на изборната одлука се одвивало за време на кампањата, а близу 7% од испитаниците одлучиле за кого ќе гласаат на самиот

ден на гласањето. Ова значи дека политичките партии имаат можност да влијаат врз изборното однесување на високи 40% од гласачите за време на изборната кампања.

*Графикон 24. Тајминг на изборна одлука**




Потенцијалот за влијание во текот на изборната кампања е најголем кај испитаниците од Пелагонискиот (53%), Североисточниот (42%), Вардарскиот (36%) и Скопскиот регион (31%), кои изборната одлука ја носат за време на кампањата (Графикон 25). Дури 15% од испитаниците од Полошкиот регион одлуката ја носат на денот на гласањето, како и по 9% од испитаниците на Југозападниот и на Североисточниот регион и 6% од испитаниците од Пелагонискиот регион. Сумарно, потенцијалот за влијание е најголем во Североисточниот и во Пелагонискиот регион.

*Графикон 25. Тајминг на изборна одлука (според регион)**




Други разлики се јавуваат само во однос на возраста на испитаниците и тоа во однос на одлучувањето на денот на гласањето. Ова почесто е случај и со младите 18-24 години (15%), како и со испитаниците на возраст 55-64 години (9%).

## Причини за апстиненција од гласање

Причините за апстиненција од парламентарните избори во 2024 година во најголема мера се поврзани со неинтересот за политика (36%), но и со разочараноста од политичките партии (30%) (Графикон 26). За по околу 8% од испитаниците причините се недоволната информираност или, пак, неможноста да идентификуваат политичка партија блиска до нивните ставови. Точно 13% од испитаниците одговориле дека апстинирале бидејќи биле спречени да гласаат.

*Графикон 26. Причини за апстиненција од гласање**




Испитаниците кои апстинирале од изборите (N = 174) од Источниот (56%) и од Пелагонискиот регион (55%) во најголем процент го истакнале неинтересирањето за политика, додека испитаниците од Вардарскиот регион во најголема мера се разочарани од политичките партии (дури 75%). Непостоењето на политичка партија блиска до ставовите на испитаниците е најважна причина за апстиненција за жителите на Североисточниот регион (21%). Ист е случајот и со испитаниците кои живеат на село (15%), во споредба со испитаниците од градовите (само 3%). Ист став делат и 16% од испитаниците од најмладата возрасна група (18-24 години), додека испитаниците од три возрасни групи – 25-54 години – се повеќе разочарани од политичките партии (42-51%) во споредба со најмладите (10%) (Графикон 27). Четириесет и пет проценти од испитаниците до 35 години и 47% од испитаниците од возрасната група 55-64 години го истакнуваат (не)интересот за политика како причина за апстиненција.

Неинтересот за политика како причина за апстиненција е пораспространет кај припадниците на преостанатите етнички заедници (53%), додека недоволната информираност многу почесто е причина за апстиненција кај Албанците (24%) (Графикон 28). Најголем процент на Албанци истакнуваат и дека неблискоста до ставовите на политичките партии е причина за апстиненција (18%). Може да се заклучи дека граѓаните од албанската етничка припадност во помала мера се информирани за политичката понуда или чувствуваат дека политичките партии не се блиски до нивните ставови.

*Графикон 27. Причини за апстиненција од гласање на парламентарните избори 2024 (според возраст)**




*Графикон 28. Причини за апстиненција од гласање на парламентарните избори 2024 (според етничка припадност)**




# Перцепции за личната изборна одлука

Општо земено, граѓаните се задоволни од својот личен избор при гласањето во април и мај 2024 година (Графикон 29). Големо мнозинство од оние што гласале известило дека е задоволно од својата гласачка одлука: 33% „многу“ и 50% „донекаде“. Оние што апстинирале од гласањето се задоволни во помала мера, а сепак во значителен број: 26% „многу“ и 22% „донекаде“. Секој десетти апстинент не можел да го процени своето задоволство, односно на прашањето одговорил со „не знам“.

*Графикон 29. Задоволство од изборната одлука*




# Перцепции за изборната понуда

Мнозинството од граѓаните е задоволно со разновидноста на изборната понуда (Графикон 30): 42% се задоволни „делумно“, а дополнителни 14% се задоволни „многу“. Малку над третина се незадоволни и само 10% „воопшто не се задоволни“. Граѓаните во Југозападниот регион отскокнуваат од другите региони во однос на своето задоволство – дури 39% известиле дека се „многу задоволни“, во споредба со 2-16% во другите региони (Графикон 31).

*Графикон 30. Задоволство од изборната понуда*



*Графикон 31. Задоволство од изборната понуда (според регион)*




# Честота на гласање за иста политичка опција

Мнозинството од испитаниците известило дека најчесто гласа за иста политичка опција: 37% дека на сите избори гласаат за иста политичка партија, додека речиси 30% дека на повеќето избори гласаат за иста политичка партија (Графикон 32). Околу четвртина од испитаниците гласаат за различни политички партии, додека само еден процент не гласаат никогаш.

*Графикон 32. Дали на сите избори гласате за иста политичка партија?**




Најстабилните гласачи, кои секогаш гласаат за иста политичка партија, во најголем процент се од Скопскиот (47%) и од Полошкиот регион (42%), по коишто

следуваат испитаниците од Југоисточниот (38%) и од Пелагонискиот регион (35%) (Графикон 33). Речиси половина (43%) од испитаниците од Вардарскиот регион на повеќето избори гласаат за иста политичка партија. Граѓаните од Источниот (36%), Североисточниот (36%) и Вардарскиот регион (30%) во најголема мера најчесто гласаат за различни политички партии. Испитаниците од град во споредба со испитаниците од село почесто гласаат за различни политички партии: 28% наспроти 20%.

*Графикон 33. Гласање за иста политичка партија (според регион)**




Македонците во најголем процент секогаш гласаат за иста политичка партија (41%), додека Албанците (39%) на повеќето избори во најголем процент гласаат за иста политичка партија (Графикон 34). Припадниците на преостанатите етнички заедници најчесто гласаат за различни политички партии (46%), а овој процент е поголем и кај Македонците (25%) во споредба со Албанците (18%).

*Графикон 34. Гласање за иста политичка партија (според етничка припадност)**



# Изборна кампања

## Граѓанско учество во изборната кампања

Граѓаните земале значително учество во мобилизациските активности на политичките партии во текот на изборната кампања (Графикон 35): четвртина присуствувале на митинг или на помал настан од кампањата, како средба со граѓани; третина биле посетени во своите домови од активисти кои им ја претставиле изборната програма; а речиси половина добиле рекламен материјал од политичките партии. Дополнително, секој осми испитаник истакнал партиска/кампањска ознака на себе или на објектот каде што живее, а секој десетти бил директно инволвиран, односно работел на некоја изборна кампања на политичка партија или на кандидат.

*Графикон 35. Процент на испитаници кои во текот на кампањата учествувале во мобилизациските активности на политичките партии**




Сепак, постојат значителни родови, возрасни и етнички разлики во однос на учеството во кампањата. Во сите наведени активности, мажите почесто земале учество од жените (Графикон 36). На сличен начин, припадниците на најмладата возрасна група се вклучени значително помалку од преостанатите групи и силно под просекот во сите понудени активности, а истото важи и за најстарата возрасна група во однос на сите активности, освен дистрибуцијата на рекламниот материјал и посетите со цел претставување на програмата.

Конечно, Македонците почесто од Албанците биле посетени од активисти кои ја претставиле програмата, а и почесто добивале рекламен материјал, додека, спротивно, Албанците почесто од Македонците работеле на некоја изборна кампања (Графикон 37).

Следствено, активностите за мобилизација што ги организираат политичките партии и кампањските штабови почесто вклучуваат мажи и средни возрасни групи, а

постојат и различни динамики во однос на етничките групи, конкретно во однос на мобилизацијата „врата-до-врата“ и директното учество во активностите од кампањата.

*Графикон 36. Процент на испитаници кои учествувале во мобилизациски активности (според пол)**




*Графикон 37. Процент на испитаници кои учествувале во мобилизациски активности (според етничка припадност)**



# Извори на информации за време на кампањата

Граѓаните користеле различни извори на информации во текот на изборната кампања (Графикон 38). Најчесто користени извори се телевизиските канали (приватните ТВ-станици и јавниот сервис), по што следуваат социјалните медиуми (како „Фејсбук“, „Икс/Твитер“, „Инстаграм“ и „Тикток“) и веб-порталите специјализирани за вести. Радиото и печатените медиуми се споредбено многу поретко користени.

*Графикон 38. Користени медиуми за време на кампањата со цел следење вести (на неделно ниво)*




Оваа генерална слика не е споделена од сите возрасни групи. Додека најстарата возрасна група (над 65 години) во големо мнозинство секојдневно гледа телевизија, речиси половина од најмладата група (18-25 години) воопшто не гледа вести ниту на приватните телевизии ниту на јавниот сервис (Графикон 39 и Графикон 40). Од друга страна, најстарата група во мнозинство не користела веб-портали за следење вести и социјални медиуми во текот на кампањата. Најмладата група, пак, отскокнува во однос на неинформирањето од преостанатите: значителни групи испитаници на возраст од 18 до 25 години рекле дека „никогаш“ не следеле вести на понудените извори во текот на кампањата.

*Графикон 39. Процент на испитаници кои секојдневно следеле вести во текот на кампањата (според возрасна група и според медиум)*




*Графикон 40. Процент на испитаници кои никогаш не следеле вести во текот на кампањата (според возрасна група и според медиум)*



# Изборен клиентелизам

Помалку од 4% од анкетираните известиле дека во периодот пред изборите добиле понуда од политичка партија или од кандидат да го продадат својот глас (Графикон 41). Стапката е поголема кај групата составена од различните етникуми различни од македонскиот и од албанскиот (9% во споредба со 3% кај Македонците и кај Албанците). Стапката е поголема и кај возрасните групи 25-34 години (7%) и 35-44 години (9%) во споредба со преостанатите (0-2%). Понудите најчесто биле составени од ветувања за вработување (речиси третина од оние што добиле понуда) и ветувања за услуги во извршување работи со институциите (речиси 19%), а поретко биле составени од пари (11%) и од други видови на материјални подароци од помала вредност, како прехранбени продукти, облека, куќни апарати и слично (10%). Само 1,6% известиле дека добиле закана во однос на тоа како да гласаат во периодот пред изборите.

*Графикон 41. Искуство со изборен клиентелизам**



# Врски меѓу политички партии и граѓани

## Блискост до политички партии

Речиси третина од граѓаните се чувствуваат мошне блиски до одредена политичка партија, а дополнителни 10% се малку поблиски до одредена политичка партија во споредба со друга (Графикон 42). Од овие испитаници кои известиле дека чувствуваат некаква блискост, најголем дел чувствуваат партиска идентификација со ВМРО-ДПМНЕ (40%), по што следуваат СДСМ (19%), ДУИ (13%), Левица (7%), Алијанса за Албанците на Таравари (4%) и ЗНАМ (4%) (Графикон 43).

*Графикон 42. Перцепција за сопствена блискост до одредена политичка партија*




*Графикон 43. Која политичка партија ја чувствувате за најблиска?*



Од оние што се определиле за некоја од наведените политички партии, малку под третина (30%) својата блискост со избраната политичка партија ја карактеризираат како „многу блиска“, додека мнозинство (60%) како „донекаде блиска“ (Графикон 44). Мажите значително почесто од жените известиле за голема блискост до избраната политичка партија (37% наспроти 19%), како и Македонците во споредба со Албанците (32% наспроти 26%).

*Графикон 44. Степен на блискост до избраната политичка партија*




## Членство во политички партии

Секој/а седми/а граѓанин/ка (13%) е формално член/ка на политичка партија. Сепак, степенот на членство се разликува според регион, пол, возраст и етничка припадност. Регионално, стапката на членство е највисока во Скопскиот (17%), Полошкиот (16%) и Југоисточниот регион (15%), а најниска во Источниот (6%) (Графикон 45). Мажите се почесто членови од жените (17% наспроти 8%), а истото важи и за средните возрасни групи, 25-34 години (16%), 35-44 години (19%) и 45-54 години (21%), во споредба со најмладата група – 18-24 години (7%) и најстарите возрасни групи – 55-64 години (8%) и над 65 години (7%) (Графикон 46). Македонците и Албанците (14% и 16% соодветно) почесто членуваат во политички партии во споредба со групата составена од припадници на други етникуми (4%).

*Графикон 45. Членство во политички партии (според регион)**



*Графикон 46. Членство во политички партии (според возрасна група)**




Партиското членство бара значително ниво на активности од страна на членовите (Графикон 47): речиси половина од оние што се изјасниле дека се членови (47%) известиле дека учествуваат во партиски активности најмалку еднаш месечно или почесто, а третина (33%) дека такви активности имаат неколку пати годишно. Само секој десетти член (11%) има партиска активност еднаш годишно, а мало малцинство од под 5% – никогаш. Значи, повеќето членови на политички партии имаат значителни партиски ангажмани во текот на една година, податок што упатува на значителна социјализација на граѓаните преку партиските инфраструктури.

*Графикон 47. Честота на учество во партиски активности**




# Афекти кон политичките партии и лидери

Иако граѓаните во голем број известуваат за блискост кон партиските организации и компаративно високо членуваат во политички партии, во земјата преовладуваат негативни афекти кон политичките партии/коалиции (Графикон 48) и кон клучните политички лидери (Графикон 49). Повеќе од четвртина од популацијата изразува генерално недопаѓање кон ВМРО-ДПМНЕ и кон нејзиниот лидер, Христијан Мицкоски, додека мали малцинства известуваат за целосен позитивен афект. Сепак, земено севкупно, овој перформанс е најдобар од сите понудени политички партии и лидери. Кај политичките партии, процентот на целосно недопаѓање се движи од речиси 34% кај ЗНАМ до дури 61% кај ДУИ, додека кај партиските лидери од 29,5% за Максим Димитриевски до речиси 62% во случајот на Али Ахмети. Меѓу двата најпопуларни претседателски кандидата – Гордана Сиљановска-Давкова стои подобро од Стево

Пендаровски: 8% известиле дека Сиљановска-Давкова „многу им се допаѓа“, во споредба со 3% за Пендаровски; како и 24% кои рекле дека Сиљановска-Давкова „воопшто не им се допаѓа“, во споредба со 34% за Пендаровски. Граѓаните кои гледаат целосно позитивно на некој од политичките субјекти или лидери се бројат во едноцифрен процент.

*Графикон 48. Афекти кон политичките партии и коалиции*




*Графикон 49. Афекти кон политичките лидери и кон дел од претседателските кандидати*



Степенот на допаѓање кон политичките партии и кон лидерите во голема мера е определен од етничката припадност на граѓаните. Албанците значително понегативно гледаат на ВМРО-ДПМНЕ (42% известиле дека „воопшто не им се допаѓа“) во споредба со Македонците (22%). Македонците, пак, гледаат многу попозитивно во споредба со Албанците – на 13% Македонци ВМРО-ДПМНЕ „многу им се допаѓа“ во споредба со 1% од Албанците. Кај СДСМ, сликата е делумно спротивна: на 43% од Македонците оваа политичка партија „воопшто не им се допаѓа“ во споредба со 25% Албанци кои го имаат истото гледиште за СДСМ. Од друга страна, ЗНАМ и Левица се понегативно перципирани од Албанците отколку од Македонците, а ДУИ и коалицијата „Вреди“ имаат особено понегативен имиџ кај Македонците отколку кај Албанците. Сликата во однос на политичките лидери кои доаѓаат од истите политички субјекти е речиси идентична во однос на овој етнички расцеп.

## Перцепции за вредностите што ги застапуваат политичките партии

Испитаниците беа прашни да определат до три вредности што се најзначајни за политичката партија за којашто гласале на парламентарните избори во 2024 година. Трите најчесто избрани вредности се правичноста, европската ориентација и чесната работа. Речиси по третина од граѓаните избрале некоја од овие вредности како свој прв, втор или трет избор на вредност од понудената листа од 15 вредности (Графикон 50).

*Графикон 50. Најзначајни вредности за политичката партија за којашто се гласа на парламентарните избори во 2024 година**




Во следниот чекор, утврдуваме дали постојат разлики меѓу поддржувачите на политичките партии во врска со нивната перцепција за вредностите што ги застапуваат тие партии (Табела 2). Така, за поддржувачите на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ најзначајни вредности карактеристични за оваа политичка партија се: љубов кон

татковината, чесна работа и правичност. Чесната работа и правичноста се вредности што гласачите им ги припишуваат и на Левица, „Вреди“ и ЗНАМ, за коишто дополнително значајни се: европската ориентација за „Вреди“, ориентацијата кон други земји, како Русија и Кина, за гласачите на Левица, и индивидуализмот/индивидуалната слобода за гласачите на ЗНАМ. Европската ориентација е вредност според којашто гласачите на ДУИ ја перципираат оваа политичка партија, за којашто исто така се важни и правичноста и љубовта кон етничката група која ја претставува. СДСМ е перципирана поразлично од своите гласачи и најмалку споделува вредности со гласачите на другите политички партии, со оглед на тоа што вредностите на социјална сигурност и индивидуализам/индивидуална слобода не котираат меѓу најзначајните три за гласачите на другите политички партии/коалиции. Исклучок е индивидуализмот, кој котира највисоко меѓу гласачите на ЗНАМ.

*Табела 2. Најзначајни вредности на политичките партии/коалиции (ставови на гласачите)**

| СДСМ и коалицијата | ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата | **„Европски фронт“ – ДУИ** | Коалиција „Вреди“ | Левица | ЗНАМ |
|---|---|---|---|---|---|
| Европска ориентација (68,5%) | Љубов кон татковината (57,7%) | Европска ориентација (79,9%) | Европска ориентација (51,1%) | Правичност (43,2%) | Правичност (49%) |
| Социјална сигурност (40,1%) | Чесна работа (45,2%) | Правичност (30,4%) | Правичност (48,2%) | Чесна работа (40,3%) | Индивидуализам/слобода на индивидуата (46,2%) |
| Индивидуализам/слобода на индивидуата (32,9%) | Правичност (38,1%) | Љубов кон етничката група која ја претставува (27,9%) | Чесна работа (43,5%) | Ориентација кон други земји (на пр. Русија, Кина) (33,5%) | Чесна работа (42,9%) |

## Перцепции за идеолошкиот профил на политичките партии

Користејќи ја стандардната скала лево-десно, каде што 0 значи „лево“, а 10 значи „десно“, испитаниците беа прашани да ги позиционираат политичките партии на идеолошката оска (Графикон 51). Дел од испитаниците не знаеја како да позиционираат значителен дел од политичките партии, при што тој процент е повисок во случајот со албанските политички партии и новите политички субјекти. Така, во моментов испитаниците имаат најголема тешкотија идеолошки да ја позиционираат новата коалиција на албански политички партии „Вреди“: 26% од испитаниците дале таков одговор. По „Вреди“, најтешка за позиционирање е ДУИ (22%), која иако е етаблирана политичка партија, се чини дека не се истакнува со стабилен идеолошки профил во очите на гласачите. Новиот субјект на политичката сцена ЗНАМ е идеолошки непрепознатлив за 19% од испитаниците. Од другите политички партии, Левица не можеле да ја позиционираат 15% од испитаниците, додека процентот на испитаници кај СДСМ и кај ВМРО-ДПМНЕ е ист (14%).

*Графикон 51. Процент на испитаници кои не знаат идеолошки да ја позиционираат политичката партија*




Од испитаниците кои одговориле на ова прашање, добивме идеолошки профил на политичките партии според перцепциите на испитаниците (Графикон 52). Така, испитаниците најдесно на идеолошката оска лево-десно ја позиционираат ВМРО-ДПМНЕ (M = 6,17; N = 757), додека најлево е позиционирана Левица (M = 2,42; N = 772). И СДСМ значително се приклонува кон левиот пол (M = 2,94; N = 778), кон којшто умерено се приклонува ДУИ (M = 4,17; N = 679). ЗНАМ гравитира околу центарот со мало наклонување кон лево (M = 4,57; N = 715), додека „Вреди“ е речиси идеално во центарот (M = 4,95; N = 633).

*Графикон 52. Идеолошка перцепција за политичките партии*



# (Не)задоволство од демократијата и од институциите

## Перцепции за спроведувањето на демократијата

Како што е забележано и во други слични истражувања, граѓаните на Република Северна Македонија се силно критички настроени кон функционирањето на политичкиот систем, генерално ниско го евалуираат демократскиот развој на земјата, а искажуваат и ниска доверба во институциите.

Граѓаните се поделени во однос на прашањето колку е демократска Република Северна Македонија (Графикон 53). На скалата од 0 („Воопшто не е демократска") до 10 („Целосно е демократска"), најголем дел од испитаниците (19%) одговориле со средната оценка на скалата – 5. Речиси половина (49%) одговориле со некоја од оценките од 6 до 10, а речиси третина (31%) со некоја од оценките од 0 до 4. За многу мали проценти (околу 3%), Република Северна Македонија воопшто не е или целосно не е демократска (екстремните степени на скалата). Изразено во средна вредност, граѓаните сметаат дека Република Северна Македонија е демократска на степен од 5,8 на скалата 0-10.

*Графикон 53. Колку е демократска Република Северна Македонија?*




Дополнително, мнозинството од граѓаните изразува незадоволство од демократскиот процес – 41% не се многу задоволни, а дополнителни 19% воопшто не се задоволни (Графикон 54). Помал, а сепак значителен број изразуваат некакво задоволство – над третина се „донекаде задоволни" (36%), а дополнителни 3% се „многу задоволни".

*Графикон 54. Задоволство од демократскиот процес*




# Перцепции за ефикасноста на демократскиот поредок

Незадоволството од функционирањето на системот се огледува и преку други ставки од анкетата.

Големо мнозинство граѓани смета дека системот не овозможува соодветна здравствена заштита за сите граѓани (Графикон 55): 43% сметаат дека системот тоа го прави „не многу добро“, а дополнителни 36% дека овозможувањето на здравствената заштита „воопшто“ не се спроведува „добро“. Негативната оценка за здравствениот систем е највисока во Источниот регион (63%) (Графикон 56), повисока меѓу оние што живеат во град отколку оние што живеат на село (38% наспроти 31%) и драматично повисока меѓу Македонците (42%) отколку меѓу Албанците (15%) (Графикон 57).

*Графикон 55. Колку добро политичкиот систем гарантира здравствена заштита?*



*Графикон 56. Колку добро политичкиот систем гарантира здравствена заштита? (според регион)*




*Графикон 57. Колку добро политичкиот систем гарантира здравствена заштита? (според етничка припадност)*




Исто така, мнозинството граѓани смета дека во земјата генерално се постапува неправично со различните групи (Графикон 58): речиси 40% сметаат дека постапувањето „не е многу правично“, а дополнителни 16% дека е „многу неправично“. Третина перципираат некаква правичност, а само помалку од 6% голема правичност. Граѓаните од Скопскиот регион отскокнуваат во гледиштето дека постапувањето е „многу правично“ – 12% наспроти 0-7% кај другите региони, како и Македонците во однос на Албанците (9% наспроти 1%). Од друга страна, граѓаните во Југозападниот (36%) и во Југоисточниот регион (28%) во поголема мера од преостанатите региони перципираат голема неправичност, особено во споредба со Источниот (3%), Североисточниот (9%) и Вардарскиот регион (9%). Албанците (19%) и групата составена од другите етникуми (29%) во поголема честота од Македонците (13%) перципираат голема неправичност (Графикон 59).

*Графикон 58. Колку правично се постапува со различните општествени групи?*




*Графикон 59. Колку правично се постапува со различните општествени групи? (според етничка припадност)*




# Доверба во институциите и во клучните општествено-политички актери

Конечно, незадоволството од функционирањето на системот се огледува и во ниската доверба кон институциите и кон значајните општествено-политички актери (Графикон 60), која во повеќе наврати е констатирана од други слични анкетни истражувања. Недовербата е највисока кон судството (85%) и кон политичките партии (76%), по што следуваат Собранието (65%), Владата (63%), социјалните медиуми (63%) и традиционалните медиуми (62%). Единствена од испитаните групи во којашто граѓаните вложуваат повеќе доверба отколку недоверба се научниците: мнозинството од граѓаните изразило доверба кон оваа група.

*Графикон 60. Доверба во институции и во општествено-политички актери*




Мажите повеќе од жените воопшто немаат доверба во Собранието (30% наспроти 23%) и во судството (63% наспроти 54%), но имаат повисока голема доверба во Владата (8% наспроти 5%). Македонците повеќе од Албанците и од „другите“ имаат голема доверба во Владата (9% наспроти 2% и 1% соодветно), додека „другите“ имаат значително повисока стапка на целосна недоверба кон Владата (53%) наспроти Македонците (28%) и Албанците (27%). Македонците, пак, имаат значително повисока голема недоверба во судството (63%) во споредба со Албанците (44%), како и значително повисока голема недоверба кон политичките партии (41% наспроти 32%).

## Перцепции за изборниот процес

Сепак, граѓаните попозитивно гледаат на изборниот процес одошто тоа е случај со институциите на системот и со клучните општествено-политички актери. На скала од 1 до 5, каде што 1 значи „Изборите беа спроведени праведно“, а 5 значи „Изборите беа спроведени неправедно“, мнозинство одговорило со оценките „1“ и „2“, повеќе од четвртина со оценката „3“, а 12,5% со оценките „4“ и „5“ (Графикон 61).

*Графикон 61. Перцепции за праведноста на изборите*



На скала од 1 до 5, пак, каде што 1 значи „За кого луѓето гласаат нема да направи никаква разлика“, а 5 значи „За кого луѓето гласаат може да направи голема разлика“, речиси половина одговориле со оценките „4“ и „5“, а речиси четвртина со оценката „3“ (Графикон 62). Од друга страна, речиси четвртина одговориле со оценките „1“ и „2“. Македонците во поголема мера (34%) веруваат дека гласањето може да направи голема разлика, во споредба со Албанците (25%) и со групата составена од преостанатите етникуми (17%).

*Графикон 62. Перцепции за ефикасноста на изборите*




## (Не)задоволство од владиниот перформанс (2020-2024) и од актуелните прашања спроти изборите

За мнозинството од граѓаните, работата на владиниот состав што беше актуелен пред спроведувањето на изборите (2020-2024) била лоша, при што за 34% била „многу лоша“, а за 36% „лоша“ (само четвртина испитаници рекле дека работата била „добра“) (Графикон 63). Оние од Југозападниот регион во најголема мера работата на претходната влада ја проценуваат како „многу добра“ (14%), а истото важи и за оние што живеат на село (7%) во споредба со оние што живеат во град (3%), како и меѓу Албанците (9%) во споредба со Македонците (3%) и со другите (1%). Од друга страна, Македонците (39%) и другите (32%) почесто од Албанците (23%) ја процениле работата на Владата како „многу лоша“. Последното важи и за возрасната група над 65 години (43%), како и за мажите (37%) во споредба со жените (30%). Слични резултати се добиени и во однос на оценките за работата на Владата при справувањето со последиците од пандемијата со КОВИД-19, со слични разлики изведени од регионот и од местото на живеење, возраста и етничката припадност.

Испитаниците беа прашани да ја оценат работата на секој од политичките субјекти кој беше дел од Владата во текот на 2020-2024 година (Графикон 64). За мнозинството, работењето на ДУИ (64%), Беса (63%), Алијанса за Албанците (64%), Алтернатива (61%) и ЛДП (57%) е оценето како „незадоволително“ во нивно својство на субјекти кои ја формираат Владата. Единствено за главниот носител на владината коалиција – СДСМ – ова незадоволство е значително пониско – 44% работата на поранешната владејачка политичка партија ја оцениле како „незадоволителна“. Незадоволството од владините субјекти е по правило значително повисоко кај Македонците во споредба со Албанците, како и кај возрасната група над 65 години во споредба со преостанатите (оваа динамика важи за сите испитани политички партии).

На пример, мнозинство од Македонците е целосно незадоволно од работата на СДСМ (52%) во Владата, во споредба со малцинство Албанци (24%), како и мнозинство од возрасната група над 65 години (54%) во споредба со малцинства од преостанатите групи (40-43%). Кај ДУИ, овие разлики се и подраматични: 82% од Македонците наспроти 21% од Албанците се целосно незадоволни, како и 78% од групата над 65 години во споредба со 53-68% од преостанатите возрасни групи.

*Графикон 63. Перцепции за работата на Владата (2020-2024)*




*Графикон 64. Перцепции за перформансот на владините коалициски партнери (2020-2024)**




Перцепциите за состојбата на економијата се генерално негативни (Графикон 65). За речиси половина од граѓаните, состојбата со економијата е влошена во последната година (за 29% „донекаде“, а за 15% „многу“), додека за помал број (41%) е останата иста. За само мало малцинство од 14%, економската ситуација е подобрена. Перцепциите за „многу“ влошена состојба се највисоки во Скопскиот (25%) и во Полошкиот регион (26%) (Графикон 66), како и меѓу возрасната група 18-24 години (23%).

*Графикон 65. Перцепции за економската состојба во изминатите 12 месеци*




*Графикон 66. Перцепции за економската состојба во изминатите 12 месеци (според регион)*




Граѓаните доминантно перципираат и силни негативни ефекти од пандемијата со КОВИД-19 (Графикон 67): за мнозинство, пандемијата негативно влијаела врз општествената кохезија (66%) и врз функционирањето на демократијата (64%), како и врз личната економска ситуација (75%). Негативните ефекти на пандемијата врз општествената кохезија и врз демократијата се најсилно перципирани од граѓаните кои живеат во Скопскиот, Југоисточниот и Пелагонискиот регион, како и меѓу возрасната група 18-24 години. Во однос на личната економска состојба, ефектите на пандемијата се најчесто перципирани како многу негативни од возрасните групи 18-24 (42%) и 55-64 години (42%), како и меѓу припадниците на преостанатите етнички заедници (56%) во споредба со Македонците (32%) и со Албанците (27%).

*Графикон 67. Перцепции за ефектите од пандемијата со КОВИД-19*



# Идеолошки и вредносни преференции на граѓаните

## Самопозиционирање лево наспроти десно

Користејќи ја истата скала како и претходно, каде што 0 значи „лево“, а 10 значи „десно“, граѓаните беа прашани да се самопозиционираат на идеолошката оска. Речиси третина (32%) од испитаниците или немаат слушнато за идеолошката поделба лево-десно (11%) или не знаат каде да се сместат себеси на скалата (21%) (Графикон 68). Од оние што знаеле како да се позиционираат (N = 653), примерокот се приклонува делумно кон десно (M = 5,9).

*Графикон 68. Самопозиционирање на скала лево-десно*




Подетално, од оние испитаници кои знаеле да се позиционираат, 22% го избрале центарот, 28% ја избрале левицата (избрале вредности од 0 до 4 на скалата), а 50% десницата (вредности од 6 до 10 на скалата). Може да се заклучи дека граѓаните на Република Северна Македонија се позиционираат повеќе кон „десно“.

Граѓаните беа прашани да го искажат и својот став во врска со идеолошката дебата меѓу левицата и десницата во врска со улогата на социјалната држава, односно ставот на левицата дека се потребни поголеми даноци и повеќе социјални услуги, наспроти оној на традиционалната десница, која се залага за помали даноци, по цена на помалку социјални услуги.

Во однос на оваа скала, средната вредност од одговорите на испитаниците (N = 1.004) е M = 4,6 (Графикон 69). Подетално, 22% се сместиле на централната позиција, 40% зазеле позиција десно од скалата, односно се за пониски даноци и помалку социјални услуги, а 37% посакуваат повисоки даноци и повеќе социјални услови. Ова значи дека, на ниво на цел примерок, испитаниците благо се приклонуваат кон десната идеолошка позиција.

*Графикон 69. Идеолошка скала лево-десно (даноци и социјални услуги)**




Корелацијата на одговорите на испитаниците на овие две прашања за идеолошко самопозиционирање е позитивна и статистички значајна, но мала (r = 0,12; p < 0,01). Според овие резултати, постои неконзистентност меѓу ставовите на испитаниците. Во малиот број случаи каде што идеолошкото самопозиционирање е предиктор на ставот на испитаниците во однос на даноците, предикцијата е во насока дека левоориентираните поддржуваат десна позиција во однос на даноците и обратно.

## Ставови за родовата еднаквост

Половина од македонските граѓани сметаат дека жените во доволен процент се застапени во Собранието. Малку повеќе од третина од испитаниците сметаат дека моменталниот процент на застапеност сè уште е премногу низок (Графикон 70).

*Графикон 70. Ставови за застапеноста на жените во Собранието*



Родовите разлики се исклучително важни во определувањето на овој став: додека мажите во мнозинство сметаат дека процентот е доволен (61%), истото е случај со многу помала пропорција на жени (41%). Мажите во поголем процент веруваат дека процентот е премногу висок (11%) во споредба со жените (2%), а жените, спротивно, дека процентот е премногу низок (речиси половина, 49% жени, наспроти 22% мажи).

Испитаниците од Југозападниот регион најмногу се истакнуваат според одговорот дека сегашниот процент е премногу висок: дури 17% од нив одговориле така, во споредба со 2-8% во другите региони. Истиот регион се истакнува и со процентот на испитаници кои го дале спротивниот одговор – дека процентот е премногу низок: 47%, по што следуваат испитаниците во Југоисточниот (43%), Полошкиот (39%) и Скопскиот регион (37%). Граѓаните во Источниот (72%), Пелагонискиот (65%) и Вардарскиот регион (62%) во најголем број мислат дека процентот е доволен. Испитаниците од село во споредба со испитаниците од град почесто сметаат дека сегашниот процент е премногу висок (9% наспроти 5%).

Во однос на возраста, само испитаниците од возрасната група 35-44 години во поголема мера се истакнуваат во својот став дека процентот е премногу низок (42%), додека 60% од највозрасните испитаници (над 65 години) сметаат дека тој е доволен. Македонците (36%) и Албанците (36%) во поголема мера од преостанатите (24%) сметаат дека процентот е премногу низок.

Во контекст на родовата еднаквост, испитаниците беа прашани и да проценат кој е посоодветен да ја води земјата во време на економска или на здравствена криза (како пандемијата со КОВИД-19) (Графикон 71). За најголем дел од испитаниците (речиси половина), мажите и жените се еднакво соодветни да ја водат земјата. Само за еден од десет испитаници тоа се секогаш мажите, а за сличен процент – тоа се жените. Одредена разлика се гледа во модалитетот „најчесто жени/мажи", каде што на мажите им се дава малку поголема предност пред жените во двата вида криза (разлика од 8-10%).

*Графикон 71. Ставови за тоа дали мажите или жените се посоодветни да водат во криза*



# Поддршка за демократското политичко уредување

Иако граѓаните генерално со критика гледаат на функционирањето на демократскиот систем и на институциите, сепак изразуваат релативно висока поддршка на две од четирите мерки за доверба и поддршка за демократијата како облик на политичко уредување што се достапни во анкетата. На скала од 1 до 5, каде што 1 значи „Воопшто не се согласувам“, а 5 „Сосема се согласувам“, граѓаните го претпочитаат демократското уредување како најдобро, со средна вредност од М = 3,7, а уште повеќе се согласуваат, со М = 3,9, дека судовите би требало да можат да ја запрат владата да постапува надвор од својата надлежност (Графикон 72).

Поддршката за демократијата како најдобра форма на уредување е највисока меѓу испитаниците во Вардарскиот (М = 4,5) и во Пелагонискиот регион (М = 4), а најниска кај испитаниците од Скопскиот регион (М = 3,4) и од Полошкиот регион (М = 3,4). Испитаниците кои живеат во градовите во поголема мера (М = 3,7) се согласуваат со ова тврдење, во споредба со испитаниците од село (М = 3,6), како и испитаниците во трите возрасни групи меѓу 25 и 54 години (М = 3,8) во споредба со преостанатите. Поддршката за демократијата е поголема кај Македонците (М = 3,8) во споредба со Албанците (М = 3,5) и со другите етнички заедници (М = 3,6).

*Графикон 72. Поддршка за демократското политичко уредување*




Тврдењето дека судовите би требало да можат да ја запрат владата да постапува надвор од својата надлежност има најголема поддршка во Вардарскиот, Југозападниот и Пелагонискиот регион (М = 4,2 до 4,7), како и меѓу припадниците на преостанатите етнички заедници (М = 4,1), во споредба со Македонците (М = 4) и со Албанците (М = 3,6).

Другите две измерени тврдења имаат обратен однос со демократијата и согласноста со нив може да се смета како став што е спротивен на демократските принципи. Тука граѓаните демонстрираат понизок степен на согласност. Тврдењето дека се потребни силни лидери на власт и по цена тие да ги прекршуваат правилата доби средна оценка од 2,6, а тврдењето дека политиките за зголемување на претставеноста на жените во политиката се отидени предалеку доби средна оценка од 2,7.

Поддршката за силен лидер е највисока во Југозападниот (М = 3,4) и во Југоисточниот регион (М = 3), а најниска во Пелагонискиот регион (М = 2,3). Согласноста е повисока кај мажите (М = 2,8) отколку кај жените (М = 2,6). Согласноста, пак, со

тврдењето дека политиките за зголемување на претставеноста на жените се отидени предалеку е највисока во Југозападниот (М = 2,9), Вардарскиот (М = 2,8) и Полошкиот регион (М = 2,8). Мажите повеќе од жените се согласуваат со тврдењето (М = 2,9 наспроти 2,4), како и испитаниците кои живеат на село во споредба со тие што живеат во град (М = 2,7 наспроти 2,6).

## Кој да ја води земјата наместо избраните политичари?

Помеѓу граѓаните преовладува позитивен став кон можноста други општествено-политички актери подобро да ја водат земјата од избраните политичари (Графикон 73). На скала од 1 до 5, каде што 1 значи „Воопшто не се согласувам", а 5 „Сосема се согласувам", највисока согласност за водењето на земјата добија независните експерти (М = 3,6) и самите граѓани на референдуми (М = 3,6), а малку помала е поддршката за успешните бизнис-лидери (М = 3,3).

*Графикон 73. Кој да ја води земјата наместо избраните политичари?*




Испитаниците од Источниот регион имаат висок степен на согласност со трите тврдења, при што најголема е онаа со самите граѓани на референдуми. Висока согласност со последното тврдење има и кај испитаниците од Североисточниот регион. Кај испитаниците од Вардарскиот регион, висока е согласноста со можноста независните експерти и успешните бизнис-лидери подобро да ја водат земјата. Најниска е согласноста во врска со успешните бизнис-лидери во Североисточниот (М = 2,8) и во Скопскиот регион (М = 3).

Испитаниците од град имаат попозитивно мислење за независните експерти (М = 3,8) во споредба со испитаниците од село (М = 3,4). Од друга страна, мажите повеќе се согласуваат со можноста за директна демократија преку референдуми (М = 3,7) во споредба со жените (М = 3,5). Македонците повеќе се согласуваат со идејата да водат независните експерти (М = 3,8) одошто со тоа се согласуваат Албанците (М = 3,3) и преостанатите (М = 3,6), како и со идејата државата да се води преку референдуми (Македонците даваат средна оценка од 3,7, во споредба со 3,2 од Албанците и 3,6 кај преостанатите).

# Граѓански предиспозиции за политичко учество

## Интерес за политика

Македонските граѓани не се особено заинтересирани за политиката (Графикон 74). Само малку над третина од испитаниците (36%) одговориле дека се многу или донекаде заинтересирани за политика, а другите дека се малку заинтересирани (35%) или воопшто незаинтересирани (28%). Интересот е најголем меѓу испитаниците од Југозападниот (11%) и од Југоисточниот (11%) регион, а неинтересот (целосната незаинтересираност) меѓу испитаниците од Североисточниот (42%) и од Источниот регион (36%).

*Графикон 74. Интерес за политика*




Жените покажуваат поголема незаинтересираност за политика отколку мажите: дури третина од жените се воопшто незаинтересирани наспроти четвртина од мажите (Графикон 75). Меѓу возрасните групи, најмладата (18-24 години) покажува најголема незаинтересираност: речиси половина од најмладите испитаници се воопшто незаинтересирани (Графикон 76). Македонците и Албанците почесто одговориле дека се многу заинтересирани за политика отколку припадниците на помалите етнички заедници (7%, 8% и 1% соодветно), додека речиси половина од испитаниците припадници на преостанатите етнички заедници воопшто не се заинтересирани за политика (43% во споредба со 26% Македонци и со 25% Албанци).

*Графикон 75. Интерес за политика (според пол)*



*Графикон 76. Интерес за политика (според возрасна група)*




# Перцепции за сопствената (внатрешна) политичка ефикасност

Речиси половина од испитаниците сосема или донекаде се согласуваат со тврдењето дека ги разбираат најважните политички прашања во државата (43%), а повеќе од секој четврти испитаник не се согласува (27%) (Графикон 77). Само приближно еден од десет испитаници сосема се согласуваат (11%) или воопшто не се согласуваат (10%), а одговорите се доминантно групирани на средните степени на скалата на согласност.

*Графикон 77. Внатрешна политичка ефикасност*




Перцепциите за висока внатрешна политичка ефикасност се поголеми кај мажите отколку кај жените (Графикон 78) и пониски кај најмладата возрасна група (18-24 години) отколку кај преостанатите (Графикон 79). Речиси двојно поголем процент на мажи сосема се согласуваат со тврдењето (14% наспроти 8% кај жените), поголем процент и делумно се согласуваат (36% наспроти 24%), а жените во значително поголеми проценти не се согласуваат (21% наспроти 14% мажи – донекаде и 13% наспроти 6% мажи воопшто не се согласуваат).

*Графикон 78. Внатрешна политичка ефикасност (според пол)*




Меѓу возрасните групи, ниту еден испитаник од најмладата возрасна група (18-24 години) не се согласил сосема со тврдењето, а и стапката на делумна согласност е значително пониска (22%) од сите возрасни групи (33-44%), со исклучок на најстарата (над 65 години: 23%). Исто така, најмладата (16%) и најстарата возрасна група (15%) во најголема мера сосема не се согласиле со тврдењето (5,5-8% кај преостанатите групи).

*Графикон 79. Внатрешна политичка ефикасност (според возрасна група)*




Стапката на целосна согласност е повисока и во Југозападниот регион (27%) во споредба со другите (0-17%, ниту еден испитаник во Вардарскиот регион не се согласил сосема со тврдењето), како и кај оние што живеат во урбани средини во споредба со оние што живеат во рурални (13% наспроти 8%).

## Ставови за значајноста на изборите

За две третини од испитаниците, односно 66%, изборите во земјава се многу или донекаде значајни (Графикон 80).

*Графикон 80. Ставови за значајноста на изборите**




Изборите се најзначајни за испитаниците од Источниот (82%), Југозападниот (66%) и Скопскиот регион (67%) (Графикон 81). За 54% на жителите од Вардарскиот регион, изборите се донекаде значајни, а за уште 28% тие се многу значајни, што исто така ги става во групата на региони каде што изборите се натпросечно значајни. Испитаниците од Полошкиот (29%), Пелагонискиот (26%) и Североисточниот регион (23%) изборите во поголема мера ги оценуваат за донекаде незначајни. Во најголема мера воопшто не се значајни изборите во Југозападниот (19%), Полошкиот (19%) и Југоисточниот регион (19%), како и во Скопскиот регион (17%).

*Графикон 81. Ставови за значајноста на изборите (според регион)**




Изборите се многу значајни за поголем број испитаници од град (31%) во споредба со испитаниците од село (25%). Третина (33%) од мажите исто така

одговориле дека изборите се многу значајни, во споредба со четвртина (24%) од жените.

Додека за 33% од Македонците и за 24% од Албанците изборите се многу значајни, ваков одговор дале само 15% од припадниците на помалите етнички заедници. Изборите се многу значајни за поголем број испитаници од возрасните групи 25-54 (27-36%) и над 65 години (32%). Тие донекаде не се значајни најмногу за двете преостанати возрасни групи: 18-24 (28%) и 55-64 години (22%).

## Честота на гласање на избори

Четириесет и седум проценти од испитаниците од овој примерок редовно, односно секогаш излегуваат на избори, додека дополнителни 30% често излегуваат на избори (Графикон 82). Испитаниците од Североисточниот регион најмалку редовно излегуваат на гласање: 25% од нив излегуваат ретко, а дополнителни 9% никогаш. Висока неактивност забележуваат и испитаниците од Полошкиот регион (21% гласаат ретко, а 9% никогаш). Секој десетти испитаник од Скопскиот регион не гласа никогаш, а 13% гласаат ретко.

*Графикон 82. Честота на гласање на избори**




Додека мажите во поголем процент известиле дека секогаш гласаат (53% наспроти 42%), жените во поголем процент изјавиле дека често гласаат (34% наспроти 26%). Најредовни се гласачите од возрасната група 45-54 години (56%), како и Македонците (52%) во споредба со Албанците (40%) и со припадниците на другите етнички заедници (33%), кои, пак, гласаат најретко.

**Наслов:**
Компаративно истражување на изборните системи. Првични национални наоди за Република Северна Македонија што се однесуваат на изборите од април и мај 2024 година

**Автори:**
Доц. д-р Јован Близнаковски
Проф. д-р Анета Цекиќ

**Уредник:**
Доц. д-р Јован Близнаковски

**Јазична редакција:**
Теа Конеска-Василевска

**Издавач и графичка обработка:**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ИСППИ-УКИМ)

**За издавачот:**
Проф. д-р Бојана Наумовска, директор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања

**Место и година на издавање:**
Скопје, 2025

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

324:342.8(497.7)(083.77)(047)"2024"
342.8(497.7)(083.77)(047)"2024"

БЛИЗНАКОВСКИ, Јован
Компаративно истражување на изборните системи [Електронски извор]: првични национални наоди за Република Северна Македонија што се однесуваат на изборите од април и мај 2024 година / Јован Близнаковски, Анета Цекиќ. - Текст во PDF формат, содржи 61 стр., илустр. - Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (ИСППИ-УКИМ), 2025

Начин на пристапување (URL): https://isppi.ukim.edu.mk/sites/default/files/2025-02/CSES-IN-MKD-REPORT-FINAL-MK.pdf (Слободен пристап). - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 25.02.2025

ISBN 978-9989-633-68-3

1. Цекиќ, Анета [автор]
а) Изборни системи -- Македонија -- 2024 -- Споредбени анализи – Извештаи

COBISS.MK-ID 65359365


CSES
COMPARATIVE STUDY of ELECTORAL SYSTEMS